Бр. 12-1012/1
10.02.2020 год.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Државната комисија за спречување на корупција, врз основа на член 22 и 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 12/19), постапувајќи по пријава поднесена од подносителот – ---------------- на ден 08.05.2019 година до Државната комисија за спречување на корупцијата, на 26-та седница одржана на 7 февруари 2020 година, ја донесе следната

# ОДЛУКА

**СЕ ЗАПИРА** постапката поведена по предмет оформен по пријавата поднесена од подносителот- ---------------------------- на ден 08.05.2019 година до Државната комисија за спречување на корупцијата, заведен под број на предмет 12-2627/1 од 08.05.2019 година, во која укажува на сомневања за сторени незаконитости во постапката за легализација на земјиште во вкупна површина од 645 метри$^2$ на локацијата „Цареви кули" Струмица, во времето кога Градоначалник на општина ------------------.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 12-2627/1 од 08.05.2019 година, од причина што по конкретниот предмет веќе постапувал друг надлежен орган (Основно јавно обвинителство--------------), презел конкретни процесни дејствија согласно закон и донел конечна одлука - донел јавно обвинителска одлука дека не се кривични дела за кои се гони по службена должност.

Предметот со број 12-2627/1 од 08.05.2019 година да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-2627/1 од 08.05.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од подносител - ----------------------.

Во пријавата се укажува на сомневање за незаконита легализација на земјиште во вкупна површина од 645 метри$^2$ на локацијата „Цареви кули"Струмица во времето кога Градоначалник на општина ---------.

Со цел утврдување на фактичката состојба и проверка на наводите содржани во пријавата, Државната комисија за спречување на корупцијата достави Барање за доставување на податоци и информации до Градоначалникот на општина ------------ со број 12-2627/3 од 17.05.2019 година со кое побара да се достави целосна информација за постапката за легализација на ова земјиште со посебен акцент на одлуките кои во оваа постапка ги донел во тоа време Градоначалникот на општина ------------.

Од Градоначалникот на општина ------------- беше доставен одговор - целосна информација со број 12-2627/4 од 20.06.2019 година со прилог копија од сите списи водени под број Уп.9389 кои се


Република Северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

однесуваат на процесот на легализација на објектите кои се наоѓаат на локацијата "Цареви кули" во Струмица.

Државната комисија за спречување на корупцијата беше известена дека Управата за финансиска полиција во рамките на своите законски надлежности веќе презела конкретни дејствија во конкретна постапка по овој предмет за што била издадена Потврда за привремено одземени предмети со број 12-1535/13 од 21.07.2016 година, а при тоа имајќи во предвид дека од денот на издавањето на оваа Потврда е поминато повеќе од две години, достави Барање за доставување на податоци и информации до Управата за финансиска полиција со број 12-2627/5 од 05.07.2019 година со кое побара информација за тоа дали Управата сè уште постапува во однос на Потврдата за привремено одземени предмети број 12-1535/13 од 21.07.2016 година и кој е исходот, доколку постапката е завршена.

Од Управата за финансиска полиција беше доставен одговор со број 12-2627/6 од 21.08.2019 година со кој известува дека од страна на Управата, а по барање на Основното јавно обвинителство Струмица бил изготвен Посебен извештај бр.12-544/31 од 04.07.2017 година и истиот заедно со сите списи од предметот во оригинал бил доставен на понатамошно постапување на Основното јавно обвинителство Струмица на ден 11.07.2017 година.

Со цел да се утврди до каде е постапувањето по овој предмет, Државната комисија се обрати до Основното јавно обвинителство–Струмица со Барање за доставување на податоци и информации до Основно јавно обвинителство Струмица со број 12-2627/7 од 01.10.2019 година, со кое побара да биде известена во која фаза е постапувањето по предметот кој се води во ОЈО- Струмица и кои се резултатите од конкретното постапување.

Од Основното јавно обвинителство Струмица доставен беше одговор со број 12-2627/8 од 09.10.2019 година во кој се наведува дека на 12.07.2017 година Управата за финансиска полиција во Јавното обвинителство доставила Посебен Извештај бр. 12-544/3 од 04.07.2017 година со утврдена состојба. По проучување на списите од Посебниот Извештај на 28.07.2017 година била донесена јавно обвинителска одлука дека нема да се поведе постапка затоа што од доставените податоци не било утврдено дека лицето -------------, правното лице ------------ или службени лица при општина ---------- презеле дејствија на извршување на кривичното дело што се гони по службена должност. За донесената одлука било доставено Известување до Министерството за финансии Управата за финансиска полиција под РО бр. 205/17 од 28.07.2017 година.

Од спроведената постапка за утврдување на фактичката состојба и проверка на основаноста на наводите содржани во пријавата и преземените конкретни дејствија, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека по предметот со иста фактичка состојба веќе постапувал друг надлежен орган (Основно јавно обвинителство–Струмица), кој презел конкретни процесни дејствија во насока на утврдување на фактичката состојба согласно Законот за кривична постапка, ја утврдил фактичката

состојба и донел јавно обвинителска одлука дека не се кривични дела за кои се гони по службена должност.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на членот 22 и 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 12/19), одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Одлучено на 7 февруари 2020 година по број 12-2627/9

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**


Република Северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk